**Годишен календар за спроведување на онлајн јавни консултации на локално ниво за 2026 година**

Годишниот календар за спроведување на онлајн јавни консултации во Општина Крива Паланка претставува документ чија цел е да се овозможи транспарентно, навремено и инклузивно вклучување на граѓаните и засегнатите страни во процесите на одлучување на локално ниво.

Документот овозможува преглед на планираните онлајн јавни консултации во текот на годината, со информации за секој предмет како: краток опис, цел на консултацијата, целни групи, временска рамка (по квартали или месеци), и одговорниот сектор, одделение што го подготвува предметот.

| Бр. | Назив на предмет | Краток опис на предметот | Цел на консултацијата | Целни групи | Временска рамка (квартал/ месец) | Одговорен сектор за подготовка на предмет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Планирање на манифестацијата Кривопаланечко културно лето 2027г. | Онлајн јавната консултација за планирање на манифестацијата „Кривопаланечко културно лето 2027 година" се спроведува со цел вклучување на граѓаните и засегнатите страни во креирањето на програмските содржини и активностите на оваа традиционална културна манифестација. Консултацијата овозможува прибирање предлози за културни настани, теми, учесници и локации. | Целта на консултацијата е да се обезбеди инклузивен и транспарентен процес на планирање на програмата за култура на општината за 2027г., која ќе ги одразува интересите и потребите на целата локална заедница, вклучително и потикнување на развојните можности на локалната бизнис заедница (угостителските, трговските и другите услужни дејности ) во насока на зголемување на туристичката посетеност и одржливоста на манифестацијата. | -Граѓаните и граѓанките на Општина Крива Паланка;<br><br>-Културни уметници и културни работници<br><br>-Културно-уметнички друштва и здруженија;<br><br>-Младински и граѓански организации;<br><br>-Културни и образовни институции;<br><br>-Туристички и угостителски субјекти; | III квартал/ септември 2026г. | Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот/Одделение за јавни дејности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | -Други заинтересирани физички и правни лица. | | |
| **2.** | Подготовка на БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2027г. | Онлајн јавната консултација за Буџетот на Општина Крива Паланка се спроведува со цел информирање и потикнување на поголема инклузивност и проактивност на граѓаните и засегнатите страни во процесот на планирање и креирање на општинскиот буџет за наредната фискална година. Преку оваа консултација, јавноста има можност да даде предлози и сугестии во однос на приоритетите за распределба на буџетските средства во општината. | Целта на консултацијата е да се обезбеди транспарентен, отчетен и партиципативен (инклузивен) процес на подготовка на буџетот, како и да се идентификуваат реалните потреби и приоритети на локалната заедница. Со активно учество на јавноста се унапредува квалитетот на буџетското планирање и се зајакнува довербата помеѓу општината и граѓаните. | -Граѓаните и Граѓанките на Општина Крива Паланка;<br><br>-Месните заедници;<br><br>-Граѓанските организации и здруженија;<br><br>- Локалниот бизнис сектор;<br><br>-Образовни, културни и други локални институции и организации;<br><br>-Други заинтересирани физички и правни лица; | IV квартал ( октомври и ноември 2026г.) | Сектор за локален економски развој и финансиски прашања/ Одделение за финансиски прашања |
| **3.** | УРБАНИЗАМ - Јавни анкети, презентации, увиди | Урбанизам – јавни анкети, презентации и увиди од онлајн анкети претставуваат тематска област насочена кон примена на дигитални алатки за информирање и активно вклучување на граѓаните во процесите на урбаното планирање. Преку онлајн јавни анкети и презентации се обезбедуваат релевантни увиди за потребите, ставовите и приоритетите на јавноста, со цел транспарентно, навремено и инклузивно донесување одлуки на локално ниво во Општина Крива Паланка. | Целта на онлајн јавните анкети, презентации и увиди во урбанизмот е:<br><br>• активно вклучување на граѓаните во процесот на урбанистичко планирање;<br><br>• претставување на урбанистичките планови пред пошироката, засегната и заинтересирана јавност;<br><br>• идентификување на реалните потреби и проблеми во градот и другите населени места; | Целните групи за учество во онлајн јавните анкети и презентации се:<br><br>• граѓаните и граѓанките на Општина Крива Паланка;<br><br>• месните заедници;<br><br>• граѓанските организации и здруженија;<br><br>• локалниот бизнис сектор; | II, III и IV квартал (април 2026 – декември 2026г.) | Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура/Одделение за урбанизам и заштита на животна средина |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | • собирање мислења и предлози за јавните простори, сообраќајот, зеленилото и инфраструктурата;<br><br>• поттикнување конструктивна дискусија и обезбедување повратни информации;<br><br>• идентификување на проблемите кои се најприоритетни за решавање според граѓаните;<br><br>• идентификување на локации со најголем потенцијал за развој, како и локации со најизразени проблеми;<br><br>• подобрување на транспарентноста и зајакнување на довербата меѓу граѓаните и општината. | • стручната јавност (архитекти, инженери и други професионалци). | | |

25.02.2025, Кирва Паланка

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски